**Известување за концентрација за стекнување на заедничка контрола од ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А. Грција и ГЕОЕНЕРГИ АЕГЕАН С.М.С.А Грција над ГЕОТХЕРМАЛ ТАРГЕТ ТУ II СИНГЛ МЕМБЕР С.А Грција (предмет бр. 08-66/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.06.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на која се однесува на стекнување на заедничка контрола од ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А. со регистрирано седиште на ул. Каподистриоу бр.3, GR 153 43, Агиа Параскеви, Атина, Грција и ГЕОЕНЕРГИ АЕГЕАН С.М.С.А со регистрирано седиште на ул. Ермоу бр.25, Кифисиа, Атика, Грција над ГЕОТХЕРМАЛ ТАРГЕТ ТУ II СИНГЛ МЕМБЕР С.А со регистрирано седиште на ул. Каподистриоу бр.3, GR 153 43, Агиа Параскеви, Атина, Грција.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А.** е друштво во целосна сопственост на Јавното енергетско претпријатие на Грција кое е најголема компанија за производство на електрична енергија во Грција. Во 2006 година  ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А.ги наследило сите активности поврзани со обновливи извори на енергија (ветар, мали хидроелектрани, соларна и геотермална енергија) од  Јавното енергетско претпријатие на Грција, вклучително и целосниот технолошки развој,  know-how и експертиза на полето на производство на енергија.

ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А. е активно во Република Северна Македонија на пазарот на тргување со електрична енергија преку друштвото Енерџи Деливери Солушнс АД Скопје, бул. „Свети Климент Охридски“ бр.30 Скопје, во кое има 100% удели.

**ГЕОЕНЕРГИ АЕГЕАН С.М.С.А** е акционерско друштво со еден основач со специјална намена кое е под целосна контрола на Хелектор Енерџи енд Енвајроментал Апликејшнс *Societe Anonime,* кое функционира во 7 земји и кое поседува и користи најнови технологии во полето на управување со отпад и производство на електрична енергија. Хелектор Енерџи енд Енвајроментал Апликејшнс *Societe Anonime,* е контролирано од Елактор С.А.  и е дел од Елактор Групацијата. Елактор Групацијата е една од најголемите групации за инфраструктура во Грција и една од водечките во југоисточна Европа.

Елактор Групацијата е присутна во Република Северна Македонија преку:

-Друштвото за производство трговија и услуги Аквавит ДООЕЛ Куманово со адреса ул.„Пролетерски бригади“ бр.3 Куманово  и со дејност друга трговија на мало во неспецијализирани продавници и

Подружницата Актор АДТ Грција – Подружница Скопје со адреса бул. „Партизански Одреди“  бр.43Б 1-3 Скопје и со дејност изградба на железници и подземни железници.

**ГЕОТХЕРМАЛ ТАРГЕТ ТУ II СИНГЛ МЕМБЕР С.**А е основано од ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А., кој е негов единствен сопственик пред трансакцијата. Причините за негово основање се управување, развој, финансирање, изградба и функционирање на проекти за обновливи извори на енергија за експлоатација на геотермални резерви од геотермални бунари кои ППЦ РЕНЕВАБЛЕС С.А. ги закупува од грчката држава за производство на електрична енергија .

Спред подносителот на известувањето како релевантен пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира пазарот на производство и големопродажба на електрична енергија на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.06.2021 година
Скопје